Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија” бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), и („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 110/19), како и врз основа на член 22 и член 25 од Законот за средно образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017 и 64/18) министерот за образование донесе скаратена наставна програма по наставниот предмет **англиски јазик** за **III (трета)** година на средното стручно четиригодишно образование за учебната 2020/21 година.

**Модуларно дизајнирана**

**Сите образовни профили/квалификации**

**Сите струки/сектори**

## 1. Вовед

Скратената наставна програма по наставниот предмет **англиски јазик** се базира на целите/очекуваните резултати предвидени со наставната програма за наставниот предмет што редовно се реализира согласно утврдениот наставен план.

Со скратената програма се утврдуваат определени теми и наставни единици што треба да се реализираат за 159 наставни денови, при што се запазува предвидениот неделен фонд на часови утврден во редовната програма, односно за наставен предмет со 2 часа неделно, се предвидуваат 64 часа во скратената програма.

Наставникот при планирањето и реализацијата на наставните единици од скратената програма се води од целите/очекуваните резултати, определените поими, методите и активностите утврдени во редовната наставна програма.

2. **Преглед на теми и наставни/модуларни единици**

- СЛУШАЊЕ СО РАЗБИРАЊЕ

  - Разговори и дискусии и дијалози
  - Радио и ТВ програми, Интернет аудио записи
  - Разговори и дискусии (дијалози)

*Listen to the interview, then answer the questions:*

***A:*** *Our next guest is Olympic winner Daryl Leviston. Daryl, it seems that your year went off to a bad start.*
***B:*** *It did. In the April competition, I was running in my normal events - the 200, 400 and 800-metre races. I'd done quite badly in the first race although I wasn't last. During that race I was injured and it took me a while to recover.*
***A:*** *When did things finally look up for you?*

- ЧИТАЊЕ СО РАЗБИРАЊЕ

  - Куси текстови од весник/списание, веб страница, блог, социјални мрежи
  - *Cole Brooks recently returned to London after filming his second series, The Rainforest. It was a difficult, 10-week trip in the Amazon, but it wasn't as nearly hard as the Congo experience. He travelled around using a variety of means of transport, including hot-air balloons and canoes, which was even more exciting.*
  - Куси текстови, писма
  - (покани, објави, известувања, соопштенија), куси раскази

- ГОВОРНА ПРОДУКЦИЈА И ИНТЕРАКЦИЈА

    - Говорна продукција и интеракција на теми од најнепосреден интерес и соодветната струка
    - Говорна интеракција во неформален контекст
    - Воспоставување, продолжување и прекинување на комуникација (јазична функција: искажување интерес)
    - Говорна продукција (опис на луѓе, предмети, слики, настани, места и сл.)

- ПИСМЕНО ИЗРАЗУВАЊЕ
- \- Кус едноставен врзан текст *In recent years we've been facing a really serious issue, unfortunately since humanity hasn't been careful with Planet Earth.*
  *As the Earth's population is constantly growing, global warming is increasingly becoming a troublesome issue. People can reduce these effects if they recycle and don't litter. In fact, recycling, which means converting waste materials into new ones, is done by separating the trash into paper, glass, cardboard and plastic. Afterwards, these materials can be reused.*

  \- Лични (неформални) писма

- \- Формални писма *Dear Granny,*

  *How are you keeping up with the 3 dogs?*

  *Anyway, I had some spare time yesterday and went to the art gallery. Can you believe what happened?*

  \- Кус организиран врзан текст

- *All my life I have seen poison lit before my eyes. My entire family smokes, even the distant relatives. They've tried quitting, but simply can't get rid of the destructive habit. They say that once you light the first one, you get used to the toxic sensation.*

3. Дидактички препораки

Со скратената наставна програма опфатени се определени наставни содржини од редовната наставна програма кои се во меѓусебна корелација и кои формираат логична целина.

**Поради специфичноста на скратеното времетраење на часот, се препорачува наставникот во оваа временска рамка да го организира часот со соодветен вовед, главен дел и завршеток. Овие три елементи од секој час треба да се фокусираат на главните цели на учењето, да се лесно разбирливи и сфатливи и да дадат можност за дополнително увежбување на презентираната содржина. На крај од секој час наставникот задолжително да го сумира истиот со нагласка на новата содржина и препораки за натамошно самостојно учење и увежбување.**

**Овие насоки се со цел на учениците да им се даде можност самостојно и во свое време, надвор од часовите да можат да ги увежбуваат и утврдуваат содржините кои се презентирани за време на часот.**

**Освен тоа, со скратениот наставен час, наставникот особено треба да внимава и да ја презентира содржината на начин кој ќе одговара на сите стилови на учење: аудитивен, визуелен, тактилен, кинестетички. На тој начин секој ученик презентираната содржина ќе може полесно и побрзо да ја усвои, разбере и совлада.**

При реализација на наставата согласно скратената наставна програма, треба да се земат предвид дидактичките насоки, т.е. формите, методите и активностите утврдени во редовната наставна програма, а кои се однесуваат на наставните единици опфатени со скратената наставна програма.

НАПОМЕНА: Поради специфичноста на изучување на странските јазици, модуларните единици се дизајнирани согласно вештините (слушање со разбирање, читање со разбирање, говорна продукција и интеракција и писмено изразување), а во нив се интегрирани јазичните компоненти (лексички единици,

граматички структури, јазични функции и култура). За успешна реализација на наставата по странските јазици, наставникот прави комбинација меѓу вештините и јазичните компоненти.
Понудените содржини се задолжителни, но наставникот може да користи примери и од други извори и да ја прилагодува наставата согласно образовниот профил/квалификацијата, односно струката/секторот.

## 4. Норматив за наставен кадар

Скратената наставна програма ја реализира наставник согласно нормативот за наставен кадар даден во редовната настава програма.

Скратената наставна програма за учебната **2020/2021 година**, по наставниот предмет **англиски јазик** за **трета (III)** година од средното стручно образование со четиригодишно траење ја утврди

**Арх. Бр. 13-9304/8**

**16.9.2020 година**

**Министер за образование и наука,**

**Мила Царовска**